# Седнала млада невеста




Седнала млада невеста,
Во сребрен разбој да ткае.
Скрипците свирки свиреа,
Бардила песни пееја.

Оздола иде лудото,
На сива коња вјаваше.
Перчето му се вееше,
Како ибришим коприна.

Тропна, ми ропна на врата:
„Јотвори млада невесто,
Момчето сега ти дојде,
Седум години чужбина,
Чужбина пуста печалба.“

Пеела Илинка Лазова од село Лавци—Битолско, 1948 година.

---

Скрицпи бардила — делови од разбојот
Ибришим — свила

Хаџиманов, Васил. Македонски народни песни. Моми тиквешанки. Скопје: Македонска книга, 1968.